Врз основа на член 9 став 2 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01 и 5/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.02.2004 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ, УСТАНОВИ И ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ВО КОИ ЌЕ СЕ СЛУЖИ ВОЕН РОК ВО ЦИВИЛНА СЛУЖБА

Член 1

Во Одлуката за определување на организации, установи и противпожарни единици во кои ќе се служи воен рок во цивилна служба ("Службен весник на Република Македонија" бр. 68/02, 5/03, 39/03 и 84/03), во членот 1, во алинејата 17 сврзникот "и" се заменува со точка и запирка.

По алинејата 17 се додаваат осум нови алинеи, кои гласаат:

"-ЈУ Завод за физикална медицина и рехабилитација - Скопје;

-ЈУ Центар за социјална работа - Велес-Дневен центар за деца со посебни потреби;

-ЈУ Центар за социјална работа -Делчево-Дневен центар за деца со посебни потреби;

-ЈУ Центар за социјална работа -Прилеп-Дневен центар за деца со посебни потреби;

-ЈУ Центар за социјална работа Битола-Дневен центар за деца со посебни потреби;

-ЈУ Центар за социјална работа Тетово-Дневен центар за деца со посебни потреби;

-ЈУ Центар за социјална работа Крива Паланка-Дневен центар за деца со посебни потреби;

-ЈЗО Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Свети Еразмо" - Охрид."

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-631/1
23 февруари 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.